**НСК -КО.бр.1/15**
**Скопје,30.06.2017 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ 1**
**Одделение за организиран криминал и корупција**

Врз основа на чл.39 ст.2 алинеја 9 в.в. со чл.319 ст.1. и чл. 321 ст.3.в.в. чл.165 ст.1 т.1 и 2 и чл. 146 ст.1 т.2 и 3 од ЗКП поднесувам:

# ОБВИНИТЕЛЕН АКТ
## СО ПРЕДЛОГ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКА ПРИТВОР И МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ

**ПРОТИВ:**

1. Н.Г., од татко Т., мајка Н., роден на ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., Македонец, државјанин на Р.М.

2. М.П., од татко К., мајка П., роден на ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на Р.М.

3. К.Б.од татко Г., мајка В., роден на ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на Р.М.

4. М.Ј., од татко М., мајка Л., роден на ... година во П.Р.М., а живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на Р.М.

5. Г.Ј., од татко С., мајка В., родена на ... година во О.Р.М., а живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., македонка, државјанин на Р.М.

6. И.Д., од татко Б., мајка М., роден на ... година во В.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ..., македонец, државјанин на Р.М.

7. Б.Б.Б. од татко Т., мајка В., родена на ... година во С.Р.М. каде и живее, со ЕМБГ ..., македонка државјанин на Р.М.

8. Л.Р., од татко В., мајка С., роден на ... година во П.Р.П., живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на Р.М.

9. Д.А., од татко В., мајка С., роден на ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на Р.М.

10. К.В. од татко М., мајка Б., родена на ... година во С.Р.М. каде и живее, со ЕМБГ ..., македонка, државјанин на Р.М.

11. С.К., од татко В. и мајка Г., со ЕМБГ ... и адреса на живеење во К.Р.М., а престојува во С.Р.М., македонец, државјанин на Р.М.

12. К.Т., од татко В., мајка С., роден на ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на Р.М.

13. М.П., од татко Х., мајка С., роден на ... година во С.Р.М., живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., бошњак, државјанин на Р.М.

14. Е.Т., од татко В., мајка К., роден на ... година во Л.К.Р.А., живее во Р.Р.М., со ЕМБГ ..., државјанин на Р.М и на Р.Албанија.

15. Д.Д., од татко Б., мајка Т., роден на ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., државјанин на РМ

16. М.Н., од татко Т., мајка В., роден на ... година во К.Р.М., а живее во С.Р.М., македонец .државјанин на Р.М.

17. Г.Ј., од татко М., мајка Ц., роден на ... година во Т.Р.М., живее во С.Р.М., со ЕМБГ ..., македонец .државјанин на Р.М.

18. Џ.А., од татко Ќ., мајка А., роден на ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., државјанин на Р.М.

19. Р.Д., од татко Р., мајка Љ., роден на ... година во В.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., македонец државјанин на РМ

20. Л.Р., од татко Д. и мајка С., со ЕМБГ ... и адреса на живеење во Б.Р.М., македонка, државјанин на Р.М.

21. К.М. од татко Љ., мајка Љ., роден на ... година во С.Р.М., каде и живее, со ЕМБГ ..., македонец, државјанин на Р.М.

**ЗАТОА ШТО:**

**I.**

**1.** Во првата половина на 2011 година, во Скопје обвинетите Н.Г., М.П., К.Б., М.Ј. и Г.Ј. создале група која имала за цел вршење на кривични дела против изборите и гласањето за кои кривични дела може да се изрече казна затвор од три години или потешка казна, на која група во почетокот на месец мај 2011 година припадници станале обвинетите Д.А., С.К., К.В., Т.Д. за кого истрагата е во прекин, сведокот Р.С. и други НН лица, во втората половина на 2012 година припадници станале обвинетите К.Т., Е.Т. , М.П., сведоците В.Ј., Н.В., Ј.Г., Л.П., Д.К., Ж.З., Е.А., Ф.С., А.Ц. и други НН лица , во почетокот на месец февруари 2013 година припадници станале обвинетите И.Д., Б.Б.Б., Л.Р. и други НН лица во почетокот на месец март 2013 година припадници станале обвинетите Д.Д., Н.М., Ј.Г., Џ.А., Д.Р. и други НН лица на начин што создателите на групата заради добивање на поголем број на гласови за кандидатите на политичката партијата ... при организирање на парламентарни и локални избори создале план, лично или преку припадниците на групата и други лица со употреба на сериозни закани и притисоци да ги спречат или присилат гласачите да го вршат, да не го вршат или како да го вршат избирачкото право, на лица со избирачко право да нудат, даваат и ветуваат подарок или друга корист, на повеќе лица на противзаконит начин да им овозможат да користат избирачко право, да не го пријавуваат изворот на финансирање и да користат недозволени средства за финансирање на изборните

кампањи, кој план го прифатиле припадниците на групата при што и создавачите и припадниците во рамките на групата имале конкретна улога и тоа:

- обвинетиот Н.Г. од позиција на претседател на политичката партија В.-Д. и претседател на Владата на Република Македонија го организирал дејствувањето на групата и давал конкретни насоки и упатства за дејствијата кои треба да ги преземат другите обвинети како членови на групата,
- обвинетите М.П. од позиција на генерален секретар на политичката партија В.-Д.. и шеф на кабинет на обвинетиот Н.Г., К.Б. од позиција на генерален секретар на Владата на РМ а потоа и од позиција на генерален секретар на политичката партија В.-Д. и М.Ј. од позиција на министер во Владата на РМ го организирале незаконското финансирање на изборните кампањи, ги организирале активностите на групата за употреба на сериозни закани и притисоци на лица со избирачко право, ги организирале активностите на групата на лица со избирачко право да нудат , даваат и ветуваат подарок или друга корист со намера да ги придобијат како да го вршат избирачкото право и вршеле други работи во координација со обвинетиот Н.Г.,
- обвинетата Г.Ј. од позиција на министер во Владата на РМ учествувала во организирањето на активностите на групата за притисоци на лица со избирачко право, го организирала незаконското определување на живеалишта и изработка на лични карти и вршела други работи во координација со обвинетиот Н.Г.,
- Обвинетите И.Д. и Л.Р. прифатиле на жиро сметките на кои ќе бидат запишани како овластени лица да внесуваат средства од неидентификувани извори, да располагаат со овие средства, за изборните кампањи во книгите за донации да внесуваат неточни податоци во поглед на примените донации и извршените плаќања од политичката партија В.-Д. и да врши други работи во координација со создателите на групата,
- обвинетиот Д.А. прифатил да врши уплата во банка на ПП10 налозите од име на лица кои не биле донатори на политичката партија В.-Д. и да врши други работи во координација со создателите на групата,
- обвинетите К.В., С.К. и други НН лица прифатиле пред и во текот на изборните денови телефонски да се јавуваат на лица со избирачко право по однапред доставени списоци да излезат или да ги спречат да излезат на гласање,
- обвинетата Б.Б.Б. од позиција на заменик министер во Владата на РМ и претседател на правната комисија на политичката партија В.-Д. прифатила да превзема дејствија со кои незаконски ќе бидат запишани лица со избирачко право од една во друга изборна единица во која според проценките на создателите на групата има потреба од поголем број на сигурни гласачи,
- обвинетиот К.Т. од позиција на шеф на кабинет на обвинетата Г.Ј. , прифатил да го следи и координира носењето на лица од Република Албанија Република Косово како и лица од други општини во Република Македонија за да им биде издадена лична карта во општини во кои не живееле и да врши други работи во координација со создателите на групата,
- обвинетиот М.П. од позиција на генерален секретар на Г.Д. во РМ и обвинетиот Е.Т. од позиција на претседател на политичката партија – М.А.Е.И. од Албанија заедно со други НН лица прифатиле да организираат и носат во Република Македонија лица од

Албанија и Косово за да на противзаконит начин им биде определена адреса на живеење во општини за кои создателите на групата сметале дека им се потребни дополнителни сигурни гласачи.

- обвинетите Д.Д., Н.М., Ј.Г., Џ.А. и Д.Р. како службени лица вработени во МВР и други НН лица, прифатиле во вршењето на службата во врска со изборите и гласањето да вршат присилба на лица со избирачко право да не го вршат или како да го вршат избирачкото право,

- Сведоците В.Ј. и Н.В. како службени лица прифатиле да ја координираат постапката на незаконит начин да им биде определена адреса на живеење на повеќе лица и истите незаконски да се стекнат со лична карта а сведоците Л.П., Д.К. и Ј.Г., како раководни лица на управните служби прифатиле да овозможат директно да се реализира планот на групата и преку сведоците Ж.З., А.С., Е.А. и Ф.С. да бидат фотографирани повеќе лица за лични карти на територија на општините Р., К. и општина Ц., без запазена постапка за првично добивање на живеалиште,

при што во периодот од создавањето на групата во 2011 година до крајот на месец мај 2014 година создавачите и припадниците на групата презеле повеќе дејствија и извршиле повеќе кривични дела со тоа што:

**II.**

**1.** Во периодот од почетокот на месец мај 2011 година до крајот на месец јуни 2011 година во Скопје обвинетите Н.Г. и М.П. како организатори на изборната кампањата на Коалицијата на В.-Д. за парламентарните избори во 2011 година дејствувајќи договорено и заеднички како соизвршители спротивно на чл. 83 ст. 1 алинеја 7 од Изборниот законик користеле недозволени средства за изборна кампања кои потекнуваат од неидентификувани извори во износ од 31.780.000,00 денари и спротивно на чл.83-б од Изборниот законик не го пријавиле изворот на финансии на изборната кампања во износ од 3.128.770,00 денари со што го злоупотребиле своето со закон определено овластување како организатори на изборната кампања а во што со умисла со давање на совети и упатства и ставање средства на располагање им помогнале обвинетите К.Б., М.Ј. и Д.А. на начин што:

- Во периодот од 17.05.2011 година до 03.06.2011 година обвинетите Н.Г. и М.П. од неидентификувани извори незаконски обезбедиле парични средства во износ од 31.780.000,00 денари по што овие парични средства со ПП 10 налози обвинетиот Д.А. ги уплатил на изборната жиро сметка на Коалицијата на В.-Д. за предвремени парламентарни избори 2011 година бр... отворена во Н.Б. Скопје како донации од 529 физички лица иако овие средства не биле од лицата кои биле запишани во налозите за уплати на донации и тоа на ден 17.05.2011 година обвинетиот Д.А. уплатил износ од 2.700.000,00 денари како донации од 45 лица, на ден 18.05.2011 година уплатил 2.280.000,00 денари како донација од 38 лица , на ден 20.05.2011 година уплатил 960.000,00 денари како донација од 16 лица, на ден 23.05.2011 година уплатил 1.860.000,00 денари како донација од 31 лице, на ден 26. 05.2011 година уплатил 4.480.000,00 денари како донација од 75 лица, на ден 30.05.2011 година уплатил 3.000.000,00 денари како донација од 50 лица, на ден 31.05.2011 година уплатил 3.000.000,00 денари како донација од 50 лица, на ден 01.06.2011 година уплатил 7.500.000,00 денари како донација од 125 лица и на ден 03.06.2011 година уплатил износ од 6.000.000,00 денари како донација од 100 лица од кои парични средства

обвинетиот М.П. по претходен договор со обвинетиот Н.Г. вршел плаќање на обврски кои произлегувале од изборната кампања и за овие уплати на ден 20.06.2011 обвинетите Н.Г. и М.П. изготвиле финасиски извештај во кој внеле дека уплатениот износ од 31.780.000,00 потекнува од донации на 529 физички лица чии податоци биле искористени при внесувањето на парите на изборната жиро сметка и ваквиот невистинит извештај го доставиле до Државната изборна комисија, Државен завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието на Република Македонија.

- Во текот на месец мај 2011 година обвинетите Н.Г. и М.П. заради јавно претставување на кандидатите на Коалицијата на В.-Д. за предвремени парламентарни избори 2011 година, преку организирање на предизборни собири и дистрибуирање на печатен пропаганден материјал преку обвинетиот М.Ј. од правното лице Д. П. ДОО за 10 предизборни собири изнајмиле 1 бина, 2 звучника и 4 рефлектори за цена од 449.934,00 денари а преку обвинетиот К.Б.од правното лице П. ДООЕЛ нарачале печатење на повеќе слоен картон, изработка на мауспади и подметувачи за чаши за цена од 2.678.836,00 денари, по што иако обвинетите Н.Г. и М.П. преку обвинетиот К.Б. со одговорните лица во правните лица Т. ДОО, С. ДОО и правното лице ДПТУ С. ДОО се договориле цената за изнајмената опрема од правното лице Д. П. ДОО и испорачаниот материјал од правното лице П. ДООЕЛ да ја платат правните лица Т. ДОО, С. ДОО и правното лице ДПТУ С. ДОО, постапиле спротивно на чл.83-б од Изборниот законик и донацијата во вкупен износ од 3.128.770,00 денари добиен од овие правни лица не го внеле во регистарот на донации, туку со цел да прикријат дека услугите и материјалите се за предизборни собири на Коалицијата на В.-Д. за предвремени парламентарни избори 2011 година, обвинетиот К.Б. преку обвинетиот М.Ј. на претставници на правното лице Д. П. ДОО им пренел дека средствата за извршената работа можат да ги наплатат преку директно фактурирање до правното лице Т. ДОО а на претставниците на правното лице П.ј ДООЕЛ лично им пренел дека средствата за извршената работа можат да ги наплатат преку фактурирање до правното лице С. ДОО и преку фактурирање до правното лице ДПТУ С. ДОО, по што

- на ден 24.06.2011 година од правното лице Д. П. ДОО до правното лице Т. ДОО била доставена фактура бр... на износ од 449.934,00 денари која фактура од страна на Т. ДОО иако услугите биле испорачани на Коалицијата на В.-Д. за предвремени парламентарни избори 2011 била платена на ден 04.07.2011 и на ден 14.07.2011 година како да биле извршени услуги за Т. ДОО,

- на ден 12.05.2011 година од правното лице П. ДОО С. до правното лице С. ДОО доставиле профактура бр... на износ од 1.770.002,36 денари а до правното лице ДПТУ С. ДОО доставиле профактура бр... на износ од 908.833,64 денари кои профактури иако материјалите биле испорачани на Коалицијата на В.-Д. за предвремени парламентарни избори 2011 година од С. ДОО С. и од ДПТУ С. ДОО ги платиле на ден 12.05.2011 година како нивни обврски кон П. ДОО С.

**2.** На ден 04.06.2011 година и на ден 05.06 2011 година за време на одржувањето на предвремените парламентарни избори во 2011 година обвинетата К.В. и други НН лица друг присилиле да го врши избирачкото право а обвинетите С.К. и Л.Р. друг спречиле да го врши избирачкото право и друг се обиделе да присилат како да го врши избирачкото право, во што со умисла со давање на совети и упатства и ставање

средства на располагање им помогнале обвинетите М.П., М.Ј. и Г.Ј. на начин што во периодот од 15.04.2011 година до 04.06.2011 година обвинетите М.П., М.Ј. и Г.Ј. заради остварување на планот на групата, од позиција на највисоко раководство на партијата В.-Д. преку писмено упатство ги задолжиле членовите на партијата кои биле раководни лица во државната и јавната администрацијата да изготват списоци од по 30 лица а вработените лица во јавната администрација и државните службеници да изготват списоци од по 15 лица со избирачко право за кои ќе превземаат одговорност дека ќе гласаат за кандидат на коалицијата предводена од политичката партија В.-Д. по што постапувајќи по овие насоки, поголем број на раководни лица во државната и јавната администрацијата и вработени лица во јавната администрација и државни службеници противзаконито изготвиле списоци во кои внеле податоци со име и презиме, адреса, телефонски број и избирачко место на лица со избирачко право за кои презеле одговорност дека ќе гласаат за кандидат на Коалицијата предводена од В.-Д. и ваквите списоци ги предале во општинските комитети од каде потоа за да можат сите податоци да се користат од еден центар во организација на обвинетите М.П., М.Ј. и Г.Ј. списоците биле пренесени во централниот штаб на В.-Д. по што постапувајќи по планот на групата:

- на ден 04.06.2011 година и на ден 05.06.2011 година обвинетата К.В. откако и биле предадени списоците кои противзаконски биле изготвени на барање на обвинетите М.П., М.Ј. и Г.Ј. следејќи ги партиските податоци за излезноста на лицата кои биле запишани на овие списоци и следејќи ги инструкциите од обвинетиот М.Ј. телефонски се јавила и организирала други НН лица - активисти на В-Д. од повеќе локации во Република Македонија телефонски да се јавуваат на лицата кои биле запишани на списоците со барање да излезат на гласање и да гласаат за кандидат на Коалицијата предводена од В.-Д. меѓу кои биле и лицата  Д.Г., Т.Е., К.Г., Б.Г., Г.М. и Ш.С. кои лица знаејќи дека за нив од партијата В.-Д. имаат податоци запишани на списоци и плашејќи се да не ги загубат своите работни места и од други последици по нив и нивните семејства ако не бидат забележани од партиските активисти дека гласале, по телефонските јавувања излегувале и гласале за избор на пратеници на предвремените парламентарни избори,

- на ден 04.06.2011 година обвинетиот С.К. имајќи ги во предвид претходно добиените списоци за сигурни гласачи кои противзаконски биле изготвени на барање на обвинетите М.П. М.Ј. и Г.Ј. заедно со обвинетата Л.Р., како соизвршители друг спречиле да го врши избирачкото право и се обиделе друг да присилат како да го врши избирачкото право на начин што ценејќи кои лица вработени во Канцеларија Битола нема да гласаат за кандидат на коалицијата предводена од В.-Д. побарал од обвинетата Л.Р. која била раководител во Канцеларија Битола да им се јави на лицата И.Г.К., Д.К., С.Ј. и О.Н. сите вработени во Канцеларија Битола со цел врз нив да изврши притисок да не го извршат избирачкото право по што обвинетата Л.Р. го прифатила неговото барање и телефонски ги контактирала И.Г.К., Д.К., С.Ј. и О.Н. и им наредила да не гласаат на ден 05.06.2011 година, а на лицето Л.Ј. во телефонското јавување и наредила наредниот ден да излезе на гласање најкасно до 12 часот, по што обвинетиот С.К. како раководител на Сектор во Регистар во Скопје, со цел да ја потврди наредбата, од службениот телефон ... им се јавил на лицата И.Г.К., С.Ј., Л.Ј. и О.Н. прашувајќи ги дали веќе им се јавила раководителката Л. и дали им пренела дека имаат наредба да не излегуваат на гласање, поради што сведокот О.Н. исплашена дека ќе остане без работа до колку биде забележана дека

гласала наредниот ден на изборите не го остварила своето избирачко право, а сведоците И.Г.К., Д.К., С.Ј. и Л.Ј. и покрај притисоците и стравот од последиците за нивните работни места излегле на гласање и го оствариле своето избирачко право.

**III.**

**1.**Во периодот од втората половина на 2012 година заклучно со месец март 2013 година, обвинетата Г.Ј. како службено лице, во вршењето на службата во врска со изборите и гласањето, со умисла поттикната од обвинетиот Н.Г. на противзаконит начин за локалните избори закажани за месец март 2013 година на поголем број лица им овозможила да користат избирачко право иако знаела дека тие лица немаат такво право, во што со умисла со давање на совети и упатства и со ставање средства на располагање и помогнале обвинетите Е.Т., М.П. и К.Т. на начин што обвинетиот Н.Г. сметајќи дека за победа на кандидатите на политичката партија В.-Д. на престојаните локални избори во 2013 година во општините Р., К. и Центар потребни се дополнителни сигурни гласачи, од обвинетата Г.Ј. побарал како министер под кое министерство работат Управни служби, да организира лица - македонски државјани кои живеат во Р. Албанија и Република Косово да добијат решение за живеалиште и лична карта и со тоа да влезат во избирачкиот список во овие општини иако истите не живееле во Република Македонија заради што обвинетата Г.Ј. преку сведокот Н.В. која била началник на Сектор побарала од сведокот Л.П. која била раководител на Отсек, од сведокот Д.К. кој бил раководител на Отсек и преку обвинетиот К.Т. од сведокот Ј.Г. која била началник на Одделение, да ги примат лицата кои во групи ќе ги донесат обвинетите Е.Т., К.Т. и М.П. и спротивно на чл.3-а од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето и на чл.4 од Законот за личната карта, без да биде спроведена постапката за пријавување на живеалиште истите веднаш да бидат фотографирани за лични карти со адреса на живеење во општините Р., К. и Центар по што постапувајќи по овие наредби по претходен договор со обвинетата Г.Ј. во периодот од втората половина на 2012 година па се до месец март 2013 година.

- обвинетиот Е.Т. од П.Р.А. организирано во просториите на НК УП Р. донел 366 лица кои немале живеалиште во општина Р. по што на барање на сведокот Л.П. како раководител на Отсек, сведокот Ж.З. ги прифатила лицата ... и ги фотографирала за лична карта со што влегле во информатичкиот систем на МВР како лица кои имаат важечка лична карта со адреса на живеење во општина Р..

- обвинетиот Е.Т. од П.Р.А. организирано во просториите на НК УП К. донел вкупно 207 лица кои немале живеалиште во општина К. по што на барање на сведокот Д.К. како раководител на Отсек, сведокот А.С. ги прифатил лицата ... и ги фотографирал за лична карта со што влегле во информатичкиот систем на МВР како лица кои имаат важечка лична карта со адреса на живеење во општина К..

- во просториите на Одделение Скопје од обвинетите Е.Т., К.Т. и М.П. од П.Р.А., од областа Г.Р.К. и од други општини во Република Македонија биле донесени вкупно 625 лица кои немале живеалиште во општина Ц. по што на барање на сведокот Ј.Г. како началник на Одделение, сведоците Е.А. и Ф.С. ги прифатиле лицата ... и ги фотографирале за лична карта со што влегле во информатичкиот систем на МВР како лица кои имаат важечка лична карта со адреса на живеење во општина Ц., по што заради исполнување на планот на групата, обвинетата Г.Ј. искористувајќи ја обврската која ја има Министерството според член 43 ст. 1 од Изборниот законик до ДИК да доставува податоци за евиденција во избирачкиот список ,како министер за внатрешни

работи иако знаела дека овие лица немаат живеалиште во општините Р.,К. и Центар и на незаконит начин се влезени во системот на МВР како лица кои со наполнети 18 години живот на денот на изборите имаат важечка лична карта или како лица кои со наполнети 18 години живот се доселиле или отселиле од определена општина, со допис рег.бр.... од 12.01.2013 година податоците за овие лица како вистините ги доставила до државната изборна комисија, со што истите незаконито влегле во избирачкиот список и на противзаконит начин се стекнале со избирачко право во општина Р., општина К. и општина Ц.

**2.** Во периодот од 13.03.2013 година па до ден 24.03.2013 година обвинетиот М.П. заедно со обвинетите Д.Д., Н.М., Ј.Г., Џ.А., Д.Р. и други НН лица со употреба на сила и сериозни закани се обидел да ги спречи сведоците С.П. и С.А. да го извршат своето избирачко право а сведоците М.Ј. и М.Ц. ги спречил да го извршат своето избирачко право на локалните избори во 2013 година во што со умисла со ставање средства на располагање му помогнала обвинетата Г.Ј. на начин што заради остварување на планот на групата да влијаат на изборните резултати во општина О. за да победи кандидат на политичката партија В.-Д. обвинетиот М.П. од обвинетата Г.Ј. побарал да му стави на располагање поголем број на службени лица вработени во Министерството кои по негово наоѓање ќе вршат контроли и притисоци врз лицата со избирачко право во О., по што откако обвинетата Г.Ј. како министер прифатила службени лица кои редовно работат на подрачјето на град Скопје да бидат ослободени од редовните работни обврски и со наредби за вонредно вршење на должност без законска основа да бидат распоредени на подрачјето на СВР О., обвинетиот М.П. составил екипа од поголем број на службени лица меѓу кои биле и обвинетите Д.Д., Н.М., Ј.Г., Џ.А., Д.Р., сведоците, С.М., М.С., Т.В., С.П., Ј.Ш., Р.С., М.С. и други НН службени лица по што по пристигнувањето во О. започнал со организирање на незаконски патролирања на овластените службени лица кои со злоупотреба на полициските овластувања учествувале во партиски активности на политичката партија В.-Д. при што:

- На ден 23.03.2013 година обвинетиот М.П. сметајќи дека лицата М.Ј. и М.Ц. имаат влијание во определувањето на лицата со избирачко право запишани на избирачкиот список за општина О. да гласаат за кандидатот за градоначалник предложен од политичката партија С. ги организирал обвинетите Д.Д., Н.М., Ј.Г., Џ.А., Д.Р. сите службени лица вработени во МВР со употреба на сила и сериозна закана да ги спречат да го извршат избирачкото право заради што обвинетите Д.Д., Н.М., Ј.Г., Џ.А., Д.Р. започнале да вршат проверки на возила и објекти во О. и околу 22 часот на улица ..., го лоцирале лицето М.Ј., го запреле возилото со кое се движел започнале да го претресуваат по што со изговор дека физички го нападнал обвинетиот Д.Р. во вршење на службата и му нанел телесни повреди го лишиле од слобода и го однеле во ПС О., од каде поради лажното преставување на фактичката состојба од обвинетите Д.Д., Н.М., Ј.Г., Џ.А., Д.Р. му била поднесена кривична пријава а од Основен суд О. му била определена мерка притвор со што на ден 24.03.2013 година бил спречен да го оствари своето избирачко право а откако го предале М.Ј. во полициската станица обвинетите Д.Д., Н.М., Ј.Г., Џ.А., Д.Р. и други НН службени лица вработени во МВР отишле пред домот на лицето М.Ц. ја обиколиле неговата зграда со цел да го лишат од слобода во што не успеале бидејќи М.Ц. ги забележал пред неговата зграда и се сокрил, а од страв да не биде лишен од слобода се криел и на ден 24.03.2013 година бил спречен да го оствари своето избирачко право.

- на ден 23.03.2013 година обвинетиот М.П. се обидел лицето П.С. да го спречи да го врши избирачкото право на начин што испратил екипа од НН службени лица кои на негово барање со наредби за вонредно вршење служба биле распоредени на подрачјето на општина О. да го пронајдат лицето П.С. која екипа најпрво лицето П.С. го барале во неговиот дом. Потоа преку сведокот А.В. кој бил началник на Одделение го барале и преку негови пријатели но не го пронашле бидејќи П.С. бил предупреден дека го бараат и се сокрил за да на ден 24.03.2013 година иако бил уплашен за својата безбедност сепак го оствари своето избирачко право.

- на ден 24.03.2013 година околу 8 часот обвинетиот М.П. се обидел да го спречи лицето С.А. да го врши избирачкото право на начин што испратил екипа од 4 НН лица службени лица кои на негово барање со наредби за вонредно вршење служба биле распоредени на подрачјето на општина О. да го следат и при погоден момент да го лишат од слобода по што откако С.А. забележал дека го следи возилото БМВ имајќи ги во предвид претходните предупредувања кои ги добил дека се спрема негово лишување од слобода откако веќе го остварил своето избирачко право успеал да побегне и целиот ден на 24.03.2013 година од страв да не биде лишен од слобода се криел во штабот на политичката партија С.

**3.** Постапувајќи по планот на групата обвинетиот Е.Т. за време на одржувањето на локалните избори во 2013 година и за време на одржувањето на предвремените парламентарни избори и претседателските избори во 2014 година искористувајќи слични околности на лица со избирачко право им давал подарок од по 20 евра со намера да ги придобие да го вршат и како да го вршат избирачкото право на начин што:

- Во месец април 2013 година, заради победа на изборите на кандидатот на политичката партија В.-Д., преку сведокот С.В. и други непознати лица во автобусите со кои од Република Албанија ги носеле лицата во општина Ц. на гласање на 07.04.2013 година на 184 лица и тоа на ... им дал парични средства во износ од по 20 евра со што ги придобил да го вршат гласачкото право и да гласаат за кандидатот на политичката партија В.-Д.

- На ден 26.04.2014 година заради победа на парламентарните избори на кандидатот на политичката партија В.-Д., преку свои блиски лица во автобусите со кои од Република Македонија ги носеле во Т. на гласање на 113 лица и тоа на ... им дал парични средства во износ од по 20 евра со што ги придобил да го вршат гласачкото право и да гласаат за кандидатот на политичката партија В.-Д.

**4.** Во периодот од 27.03.2013 година до 07.04.2013 година за време на локалните избори за избор на градоначалник на општина Ц. – С., обвинетиот К.М. како службено лице во вршењето на службата во врска со изборите и гласањето - Претседател на изборен орган - Општинска изборна комисија, противправно одзел списи што служат за изборите и со тоа сторил да истите бидат неупотребливи, а обвинетиот М.Ј. Министер во Владата на Република Македонија и шеф на изборниот штаб на В.Т.- кандидат за градоначалник на општина Ц. предложен од политичката партија В.-Д., со умисла го поттикнал во тоа, на начин што обвинетиот М.Ј. по добиените резултати од гласањето во првиот круг на локалните избори проценил дека за да успее кандидатот на В.-Д. да победи на тие избори неопходни му се избирачките списоци од извршеното гласање во првиот круг од избирачки места во општина Ц., со што би имал увид за тоа кои лица излегле на гласање на тие избирачки места и би бил извршен понатамошен

притисок врз излезените и неизлезените гласачи, па побарал од обвинетиот К.М. по завршувањето на првиот круг на гласање противправно да одземе избирачки списоци од општина Ц., по што обвинетиот К. од избирачкиот материјал кој од избирачките одбори бил предаден на чување во Општинската изборна комисија ги одзел изводите од избирачки списоци од избирачките места ... на кои биле потпишани гласачите кои гласале во првиот изборен круг за избор на градоначалник на општина Ц. и истите му ги предал на обвинетиот М.Ј., а по завршувањето на вториот круг на гласање од избирачкиот материјал исто така по барање на второосомничениот одзел еден избирачки список од изборно место ... од втор круг на гласање на кој биле потпишани гласачите кои гласале во вториот изборен круг за избор на градоначалник на општина Ц. и истиот му ги предал на осомничениот М.Ј., со што оневозможил избирачките списоци да бидат повеќе дел од избирачкиот материјал и истите како исправи кои служат за изборите и гласањето станале неупотребливи

**5.** Во периодот од 04.03.2013 година до 21.05.2013 година обвинетите И.Д. и Л.Р. како организатори на изборната кампањата на Коалицијата за локални избори 2013 година предводена од политичката партија В.-Д. со умисла поттикнати од обвинетиот Н.Г. дејствувајки договорено и заеднички како соизвршители спротивно на чл. 83 ст. 1 алинеја 7 од Изборниот законик користеле недозволени средства за изборна кампања кои потекнуваат од неидентификувани извори во износ од 29.262.020,00 денари и спротивно на чл.83-б од Изборниот законик не го пријавиле изворот на финансии на изборната кампања во износ од 12.173.080 денари со што го злоупотребиле своето со закон определено овластување како организатори на изборната кампања во што со умисла со давање на совети и упатства и ставање средства на располагање им помогнале обвинетите К.Б., М.Ј. и Д.А. на начин што:

- Во периодот од 04.03.2013 година до 21.05.2013 година обвинетите И.Д. и Л.Р. на барање на обвинетиот Н.Г. од неидентификувани извори незаконски обезбедиле парични средства во износ од 29.262.020,00 денари денари по што овие парични средства за кои обвинетиот К.Б.лично водел евиденција и ги чувал како готовина, од обвинетиот Д.А. со ПП 10 налози биле внесени на жиро сметка како донации од физички лица кои не ги донирале паричните средства и тоа на ден 21.05.2013 година на жиро сметка бр... обвинетиот Д.А. извршил уплата на вкупен износ од 5.020.000,00 денари како уплата од вкупно 104 лица, на жиро сметка број ... на ден 25.03.2013 година обвинетиот Д.А. извршил уплата на 2.400.00,00 денари како уплата од 40 лица, на ден 15.05.2013 година извршил уплата износ од 6.000.000,00 денари како уплата на донации од 100 лица, на ден 16.05.2013 година извршил уплата на износ од 1.800.000,00 денари како уплата од донација од 30 лица, на ден 17.05.2013 година извршил уплата на 6.360.000,00 денари како уплата од донација од 110 лица, на ден 18.05.2013 година извршил уплата на износ од 7.702.000,00 денари како уплати на донации од 139 лица од кои парични средства обвинетите И.Д. и Л.Р. по претходен договор со обвинетиот Н.Г. и К.Б. вршеле плаќање на обврски кои произлегувале од изборната кампања и за овие уплати обвинетите И.Д., Л.Р. и К.Б. изготвиле финансиски извештај во кој внеле дека уплатениот износ од 29.262.020,00 денари потекнува од донации на физички лица чии податоци биле искористени при внесувањето на парите на изборната жиро сметка и ваквиот невистинит извештај на ден 14.03.2013 година, на ден 23.03.2013 година и на 22.05.2013 година го доставиле до Државната изборна комисија, Државен завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието на Република Македонија.

- Во текот на месец април 2013 година иако обвинетите И.Д. и Л.Р. заради јавно претставување на кандидатите на Коалицијата на В.-Д. за локалните избори преку организирање на предизборни собири надвор од Република Македонија на лица иселени од Република Македонија а потоа истите да го искористат гласачкото право во Република Македонија како сигурни гласачи на политичката партија В.-Д. преку обвинетиот М.Ј. со одговорните лица во Б. АД С. се договориле трошоците околу патувањата на претставници на политичката партија В.-Д. во странство и носење на гласачи на денот на избори во Република Македонија на фирмата Н.Б. која ги организирала авионските летови да ги плати правното лице Б. АД С. постапиле спротивно на чл.83-б од Изборниот законик и донацијата во вкупен износ од 12.173.080 денари добиена од правното лице Б. АД С. не ја внеле во регистарот на донации, туку со цел да го прикријат овој факт преку обвинетите К.Б. и М.Ј. на претставници на правното лице Н.Б. им пренеле дека средствата за извршената работа можат да ги наплатат преку директно фактурирање до правното лице Б. АД С., како услугата да е извршена за ДГ Б. АД С. по што откако било фактурирано на туристичката агенција Н.Б. ДОО С. од страна на Б. АД С. им биле исплатени за релација Т.-О.-Т. за два чартер лета на иста релација, за термин 06/07.04.2013 година износ од 7.440.000,00 денари и аеродромски такси за 296 патници износ од 734.080,00 денари и за релација Б.-О.-Б. за термин 07-07.04.2013 година била платен износ од 3.286.000,00 денари и аеродромски такси за 100 патници износ од 341.000,00 денари.

**IV.**

**1.** Во периодот од 02.04.2014 година до 21.05.2014 година обвинетите И.Д. и Л.Р. како организатори на изборната кампањата за 2014 година на Коалицијата предводена од В.-Д. со умисла поттикнати од обвинетиот Н.Г. дејствувајќи договорено и заеднички како соизвршители спротивно на чл. 83 од Изборниот законик користеле недозволени средства за изборна кампања кои потекнуваат од неидентификувани извори во износ од 62.732.874,00 денари во што со умисла со ставање средства на располагање им помогнал обвинетиот Д.А. на начин што:

- Во периодот од 01.01.2014 година до 04.04.2014 година обвинетите И.Д. и Л.Р. на барање на обвинетиот Н.Г. од неидентификувани извори незаконски обезбедиле парични средства во износ од 52.233.654,00 денари и истите преку обвинетиот Д.А. но и преку други лица ги внеле на име членарина на редовната жиро сметка бр... отворена во С.Б. С. по што иако знаеле дека уплатите со цел на дознака „членарина" во износ од 52.233.654,00 денари не потекнуваат од членарини, не се уплатени од лицата наведени во уплатниците и преставуваат средства од неидентификувани извори и од такви средства согласно член 83 од Изборниот Законик не смее да се финансира изборната кампања по претходен договор и на барање на обвинетиот Н.Г. како овластени потписници на редовната сметка на ден 04.04.2014 годна ги пренеле на изборната жиро сметка бр... отворена во Т.Б. и истите ги употребиле за плаќања на обврски на Коалицијата предводена од В.-Д. изборна кампања 2014 година кои произлегувале од изборната кампања.

- Во периодот од 20.05.2014 година до 21.05.2014 во Скопје на изборната жиро сметка на Коалицијата предводена од В.-Д. изборна кампања 2014 година бр... отворена во Т.Б. С. по претходен договор на име донации од 294 физички лица внеле износ од 10.499.220,00 денари иако овие средства не биле од лицата кои биле запишани во налозите за уплати на донации во што со умисла им помогнал обвинетиот Д.А. на

начин што паричните средства кои незаконски ги обезбедиле обвинетите И.Д. и Л.Р. како организатори на изборната кампања не ги внесувале во регистарот на донации и не ги пријавиле како извор од кои се финансира кампањата и иако знаеле дека овие средства преставуваат средства од неидентификувани извори преку обвинетиот Д.А. како и преку други лица на кои им ги давале како готовина да ги уплатат од свое име, ги внеле на жиро сметката како донации од физички лица кои не ги донирале паричните средства и тоа на жиро сметка бр... отворена во Т.Б. ден 20.05.2014 година биле уплатени износ од 1.040.200 денари како донации од 23 лица и на ден 21.05.2014 година бил уплатен износ од 9.459.020 денари како донации од 271 лице и овие парични средства обвинетите И.Д. и Л.Р. ги употребиле за плаќање на обврски на В.-Д. кои произлегувале од изборната кампања, по што составиле финансиски извештај во кој како извор за финансирање ги навеле износот од 52.233.654,00 денари уплатен од редовната сметка и износот од 10.499.000 денари уплатен како донации од 294 физички лица чии податоци биле искористени при внесувањето на парите на изборната жиро сметка кој финансиски извештај обвинетите Л.Р. и И.Д. го доставиле до Државната изборна комисија, Државен завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието на Република Македонија.

**2.** Обвинетата Б.Б.Б. како Претседател на правната комисија на политичката партија В.-Д. во месец април 2014 година заради остварување на планот на групата за предвремените парламентарни избори за пратеници да се освојат поголем број на гласови во изборна единица 7 на избирачко место ... во Т. организирала да се направат лажни јавни исправи без знаење на лицата ... по потекло од општина П. од Р.А. кои во 2013 година добиле лични карти со живеалиште во општини во Република Македонија така што да бидат пополнети образци бр. 29 и 30 предвидени со Изборниот Законик во кои лажно било внесено дека овие лица бараат да бидат запишани да гласаат во изборна единица 7 на избирачко место 5001 во Т. и овие лажни јавни исправи ги употребила како вистински така што ги поднела до Државна изборна комисија која донела одлука и ги одбила барањата и пријавите за гласање, по што обвинетата Б. изготвила лажни исправи полномошна од име на овие лица за поднесување на тужба за заштита на избирачко право, во кои полномошна биле овластени адвокатите сведоците Д.С., Т.С., А.М., Н.С. и истите без да знаат дека лицата чие име било напишано на полномошната не ги потпишале истите, па ставиле адвокатски печат на полномошната и тужбите во предметите што претходно ги комплетирала обвинетата Б., и пак без да знаат лицата чие име било напишано на полномошната, адвокатите ги употребиле лажните полномошна пред Управен суд каде постапувајќи по овие предмети сите тужби биле уважени и лицата биле запишани на избирачки список во 7 изборна единица на избирачко место ... во Т. каде активисти на В.-Д. организирано ги носеле за да гласаат за кандидат на политичката партија В.-Д.

Со кои дејствија

**1. Обвинетиот Н.Г.** под дел I точка 1 сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ , под дел II точка 1 , дел III т. 5 и дел IV точка 1 сторил продолжено кривично дело Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в.чл.22 и чл.45 од КЗ , и под дел III точка 1 сторил кривично дело Повреда на избирачкото право од чл.159 ст.2 в.в. ст.1 в.в. чл. 23 и чл. 45 од КЗ

**2. Обвинетиот М.П.** под дел I точка 1 сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ , под дел II точка 1 сторил кривично дело Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в. чл. 22 од КЗ и под дел II т.2 и дел III точка 2 сторил продолжено кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст. 1 в.в. чл. 22 и чл.45 од КЗ

**3. Обвинетиот К.Б.** под дел I точка 1 сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ и под дел II точка 1 и дел III т. 5 сторил кривично дело Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в.24 и чл. 45 од КЗ

**4. Обвинетиот М.Ј.** под дел I точка 1 сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ , под дел II т.2 Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст. 1 в.в. чл. 24 од КЗ под дел II точка 1 и дел III т. 5 сторил кривично дело Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в.24 и чл. 45 од КЗ, под дел III точка 4 сторил кривично дело Уништување на изборен материјал од чл. 164 ст. 2 в.в. чл. 23 од КЗ

**5. Обвинетата Г.Ј.** под дел I точка 1 сторила кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ , под дел II т.2 и дел III точка 2 сторила продолжено кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст. 1 в.в. чл. 24 од КЗ, дел III точка 1 сторила кривично дело - Повреда на избирачкото право од чл.159 ст.2 в.в. ст.1 в.в. со чл.45 од КЗ

**6. Обвинетиот И.Д.** под дел I точка 1 сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст.2 од КЗ под дел дел III т. 5 и под дел IV точка 1 сторил продолжено кривично дело Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в.чл.22 и в.в. чл. 45 од КЗ

**7. Обвинетата Б.Б.Б.** под дел I точка 1 сторила кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст.2 од КЗ и под дел IV точка 2 сторила кривично дело Фалсификување исправа од чл. 378 ст. 2 в.в.чл.45 од КЗ

**8. Обвинетиот Л.Р.** под дел I точка 1 сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст.2 од КЗ под дел дел III т. 5 и под дел IV точка 1 сторил продолжено кривично дело Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в.чл.22 и и в.в. чл. 45 од КЗ

**9. Обвинетиот Д.А**, под дел I сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст.2 од КЗ и под дел дел II точка 1 , дел III т. 5 и под дел IV точка 1 сторил продолжено кривично дело Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в.чл.24 и чл. 45 од КЗ

**10. Обвинетата К.В.** под дел I точка 1 сторила кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст. 2 од КЗ и под дел II точка 2 кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст. 1 од КЗ

**11. Обвинетиот С.К.** под дел I точка 1 сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст. 2 од КЗ и под дел II точка 2 кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст. 1 в.в.чл.22 од КЗ

**12. Обвинетиот К.Т.** под дел I точка 1 сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст. 2 од КЗ и под дел III точка 1 сторил кривично дело -

Повреда на избирачкото право од чл. 159 ст. 2 в.в. ст. 1 в.в. со чл.24 и в.в. со чл. 45 од КЗ

**13. Обвинетиот М.П.** под дел I точка 1 сторил кривично дело Злосторничко здружување од член 394 ст. 2 од КЗ и под дел III точка 1 сторил кривично дело - Повреда на избирачкото право од чл. 159 ст. 2 в.в. ст. 1 в.в. со чл.24 и в.в. со чл. 45 од КЗ

**14. Обвинетиот Е.Т.** под дел I точка 1 сторил кривично дело - Злосторничко здружување од чл. 394 ст. 2 од КЗ, под дел III точка 1 сторил кривично дело - Повреда на избирачкото право од чл. 159 ст. 2 в.в. ст. 1 в.в. со чл.24 и в.в. со чл. 45 од КЗ под дел III точка 3 едно продолжено кривично дело - Поткуп при избори и гласање од чл.162 ст.1 в.в. со чл. 45 од КЗ

**15. Обвинетиот Д.Д.** под дел I точка 1 сторил кривично дело - Злосторничко здружување од чл. 394 ст. 2 од КЗ и под дел III точка 2 кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст.1 в.в.чл.22 од КЗ од КЗ

**16. Обвинетиот М.Н.** под дел I точка 1 сторил кривично дело - Злосторничко здружување од чл. 394 ст. 2 од КЗ и под дел III точка 2 кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст.1 в.в.чл.22 од КЗ од КЗ

**17. Обвинетиот Г.Ј.** под дел I точка 1 сторил кривично дело - Злосторничко здружување од чл. 394 ст. 2 од КЗ и под дел III точка 2 кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст.1 в.в.чл.22 од КЗ од КЗ

**18. Обвинетиот Џ.А.** под дел I точка 1 сторил кривично дело - Злосторничко здружување од чл. 394 ст. 2 од КЗ и под дел III точка 2 кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст.1 в.в.чл.22 од КЗ од КЗ

**19. Обвинетиот Р.Д.** под дел I точка 1 сторил кривично дело - Злосторничко здружување од чл. 394 ст. 2 од КЗ и под дел III точка 2 кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст.1 в.в.чл.22 од КЗ од КЗ

**20. Обвинетата Л.Р.** под дел II точка 2 сторила кривично дело Повреда на слободата на определување на избирачите од чл. 160 ст.1 од КЗ

**21. Обвинетиот К.М.** под дел III точка 4 сторил кривично дело Уништување на изборен материјал од чл. 164 ст. 2 од КЗ,

Поради што,

ПРЕДЛАГАМ

Основен суд Скопје 1 Скопје како стварно и месно надлежен да закаже и одржи главна, јавна и усна расправа на која ќе се повикаат:

1. Јавниот обвинител за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите,

2. Обвинетите Н.Г., М.П., К.Б., М.Ј., Г.Ј., И.Д., Б.Б.Б., Л.Р., Д.А., К.В., С.К., К.Т., М.П., Е.Т., Д.Д., М.Н., Г.Ј., Џ.А., Р.Д., Л.Р. и К.М.

3. Сведоците: ...

Обвинителниот акт се темели на следните докази:

**(описот на доказите во оригиналното обвинение е содржан од стр.27 до стр.128)**

Во прилог на актот се доставуваат:

1. Записници за сослушување на сведоци
2. Записници за сослушување на обвинети
3. Докази
4. Листа на докази

По одржана главна, јавна и усна расправа обвинетите да се огласат за виновни и казнат според законот.

**II.**

Врз основа на член 165-а став 5 од КЗ поднесувам

**ПРЕДЛОГ**

- од обвинетите Н.Г. и М.П. солидарно да се конфискува имот во вредност од 34.908.770,00 денари што одговара на вредноста на незаконски обезбедените средства за финасирање изборната кампања во 2011 година,

- од обвинетите Н.Г., И.Д. и Л.Р. солидарно да се конфискува имот во вредност од 41.435.100,00 денари што одговара незаконски обезбедените средства за финасирање изборната кампања во 2013 година,

- од обвинетите Н.Г., И.Д. и Л.Р. солидарно да се конфискува имот во вредност од 62.732.874 денари што одговара на незаконски обезбедените средства за финасирање изборната кампања во 2014 година.

**III.**

Врз основа на член 321 став 3 и член 165 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривична постапка поднесувам

**П Р Е Д Л О Г**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКА ПРИТВОР**

Предлагам спрема обвинетите Н.Г., М.П., К.Б., М.Ј. и Г.Ј. да се определи мерката притвор и тоа

**1. Спрема обвинетиот Н.Г. да биде определена мерката притвор согласно член 165 став 1 точка 1 и точка 2 од ЗКП од следните причини:**

**- Постојат околности што укажуваат на опасност од бегство и криење**

Со поднесениот обвинителен акт обвинетиот Н.Г. се товари за сериозни и тешки кривични дела и тоа Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ , Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в.чл.22 и чл.45 од КЗ и Повреда на избирачкото право од чл.159 ст.2 в.в. ст.1 в.в.чл. 23 и чл. 45 од КЗ, па имајќи ги во предвид видот и тежината на овие кривични дела и висината на казната затвор што е предвидена за нив, оправдано може да се очекува дека обвинетиот може да се даде во бегство и да се крие со цел да ја попречува кривичната постапка и да ја избегне кривично правната одговорност. Во текот на ова кривична постапка обвинетиот со целокупното негово однесување го оневозможуваше непреченото водење на кривичната постапка. Откако обвинетиот беше запознат за основаното сомневање и му беше овозможено увид во доказите на предметот не се јави на три врачени покани, а по завршувањето на истражната постапка преку доставната служба на ова јавно обвинителство е обидена достава до обвинетиот на известувањето за завршување на кривичната постапка, но истиот се криеше и одбегнуваше да го прими ова известување, за што е изготвена службена белешка НСК КО бр.1/15.

Во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите против обвинетиот Н.Г. се водат уште три други кривични постапки и тоа под НСК КО бр.9/17, НСК КО бр.21/15 и НСК КО бр.11/17 во кои обвинетиот со неговото однесување го попречуваше водењето на истите.

Во предметот НСК КО бр.9/17 кој се води против обвинетиот Н.Г. за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 5 во врска со став 1 од КЗ, обвинетиот не се јавуваше на врачените покани и доставуваше поднесоци со кои го оправдуваше неговото недоаѓање од најразлични причини. Така на врачената покана од 05.04.2017 година за закажан термин на 24.04.2017 година обвинетиот преку неговиот адвокат Никола Додевски достави известување дека не може да се јави поради претходно закажани ангажмани; на врачената покана од 24.04.2017 година за термин 03.05.2017 година обвинетиот преку неговиот бранител достави поднесок дека не може да присуствува поради закажана расправа по предметот К.бр.1904/16 пред Основен Суд Скопје 1 Скопје каде тој е обвинет иако таа расправа не е одржана, а обвинетиот беше поканет да се јави во ова обвинителство во 15,30 ч.; на доставената покана од 03.05.2017 година за терминот 11.05.2017 година обвинетиот преку неговиот бранител достави поднесок дека нема да се јави на распитот поради претходно планирани политичко - партиски ангажмани и активности во Делчево и Македонска Каменица вклучително и состанок со членовите на општинскиот комитет; на доставената покана 11.05.2017 година за терминот 22.05.2017 година обвинетиот не се јави, а во доставениот поднесок преку неговиот бранител како причина за неговото не јавување е наведено дека нема доволно време

да ги проучи доставените докази, а на поканата од 23.05.2017 година за терминот 01.06.2017 година повторно не се јави со истото образложение како и претходно. Обвинетиот исто така не го прими и известувањето за завршена истражна постапка во предметот НСК-КО бр.9/17 и покрај обидите од доставната служба на ова обвинителство за врачување на истото за што е изготвена службена белешка НСК-КО бр.9/17.

Обиди за достава на покани и известување за завршена истражна постапка се направени и во предметот НСК-КО бр.21/15, но обвинетиот на ист или сличен начин како и претходно го одбегнуваше приемот или не се јавуваше во закажаните термини и не го прими известувањето за завршена истражна постапка.

Во предметот НСК-КО бр. 11/17 каде се води истражна постапка против обвинетиот за кривични дела Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 4 во врска со став 3 и став 1 во врска со член 45 од КЗ, Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 во врска со став 3 и став 1 во врска со член 45 од КЗ и Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 4 во врска со став 3 и став 1 од КЗ на 07.06. 2017 година е обидена достава на покана до обвинетиот, но истата не можела да се врачи поради негово службено патување во странство. По неговото враќање во земјата продолжија обидите на доставната служба на ова јавно обвинителство за врачување на поканата до обвинетиот, но истиот се криеше и не ја прими поканата со цел одолговлекување и на оваа кривична постапка, што може да се утврди од службената белешка бр...

По неуспешните обиди за достава на трите известувања за завршена истражна постапка по предметите НСК КО бр.1/15, НСК КО бр.21/15, НСК КО бр.9/17 и поканата по предметот НСК КО бр.11/17 преку доставните служби на ова Јавно обвинителство, пратките се доставени до ДТУ ДХЛ Е. ДООЕЛ С. со цел истите да бидат врачени на обвинетиот Н.Г. Меѓутоа обвинетиот и понатаму се криеше и го одбегнуваше приемот на истите. Така од известувањето на бр... од 13.06. 2017 година произлегува дека на обвинетиот не можеле да му се достават четири пратки- известувања и покана од ова Јавно обвинителство, бидејќи истиот не бил пронајден на неговата адреса на живеење односно при обидот за достава на посочената адреса немало никој. Обидот за достава бил направен на 12.06.2017 година, а откако немало никој на наведената адреса било оставено известување за обид за достава. На 13.06.2017 година бил направен повторен обид за достава но поради истите причини доставата не можела да биде извршена.

Од сите овие околности од повеќе од очигледно е дека обвинетиот Н.Г. свесно и со намера ги злоупотребува неговите права како обвинет во кривичната постапка со единствена цел да оневозможи непречено водење на истите.

Друга околност која укажува на опасноста од бегство е тоа што обвинетиот често патува во странство што може да се утврди од известувањето на МВР Скопје Рег. бр... од 15.06.2017 година.

Како околност која укажува на опасност од бегство е и фактот дека во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите против обвинетиот Н.Г. се водат уште четири други кривични постапки и тоа под НСК КО бр.3/17, НСК КО бр.9/17,

НСК КО бр.21/15 и НСК КО бр.11/17, при што на 29.06.2017 г. се поднесени обвиненија во предметите НСК КО бр.3/17, НСК КО бр.9/17 и НСК КО бр.21/15.

Понатаму обвинетиот поседува парични средства на сметки во 6 деловни банки во Р. Македонија при што на 20 денарски сметки поседува вкупно 9.934.875,00 денари а на 14 девизни сметки поседува 46.726 евра. Исто така обвинетиот поседува и други девизни средства на 15 девизни сметки во различни банки. Ваквата имотна состојба на обвинетиот доведена во корелација со претходно наведените околности укажува дека постои повеќе од реална опасност и можност за негово бегство надвор од државата, со што истиот би станал недостапен и би го отежнал водењето на кривичните постапки против него.

-**Постојат особени околности кои укажуват дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците и соучесниците.**

Обвинетиот Н.Г. со поднесениот обвинителен акт во дел I се обвинува дека заедно со сообвинетите М.П., К.Б., М.Ј. и Г.Ј. создале група која имала за цел вршење на кривични дела против изборите и гласањето на која група подоцна станале припадници другите сообвинети лица. Во дел II обвинетиот се обвинува дека заедно со сообвинетиот М.П. дејствувале договорено и заеднички како соизвршители спротивно од член 83 став 1 алинеја 7 од Изборниот Законик и користеле недозволени средства за изборната кампања кои потекнувале од неидентификувани извори во износ од 31.780.000,00 денари и спротивно на член 83-6 од Изборниот законик не го пријавиле изворот на финанси на изборната кампања во износ од 3.128.777,00 денари при што во дејствијата на извршување со умисла им помогнале сообвинетите М.Ј., К.Б. и Д.А.. Според дел III и дел IV од поднесениот обвинителен акт обвинетиот Н.Г. со умисла ги поттикнал обвинетите Г.Ј., И.Д. и Л.Р. во извршувањето на кривичното дело Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 од КЗ. Обвинетиот Н.Г. е претседател на политичката партија чии членови се и сообвинетите, а ова доведено во врска со видот и тежината на кривичните дела за кои се обвинува, како и начинот на нивното извршување може да се заклучи дека постои реална можност за негово влијание врз соучесниците од аспект на позицијата и влијанието што фактички го врши во политичката партија.

Обвинителниот акт покрај на материјалните докази се темели и врз исказите на голем број сведоци, па од тука со оглед на претходно наведените околности може да се очекува и влијание на обвинетиот врз истите во насока да ја променат суштината на сведочењето на главната расправа и драстично да ги сменат нивните искази.

Имајќи го во предвид погоре наведеното сметам дека во конкретниот случај се исполнети условите за определување на мерката притвор спрема обвинетиот Н.Г. и дека целта на ова мерка не би можела да се оствари со некоја друга мерка за обезбедување присуство на обвинетиот.

**2.Спрема обвинетиот М.П. да биде определена мерката притвор согласно член 165 став 1 точка 1 и точка 2 од ЗКП од следните причини:**

**-Постојат околности што укажуваат на опасност од бегство и криење**

Со поднесениот обвинителен акт обвинетиот М.П. се товари за сериозни и тешки кривични дела и тоа Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ, Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1

в.в.чл.22 од КЗ и Повреда на слободата на определувањето на избирачите од член 160 став 1 в.в со чл.22 и чл.45 од КЗ, па имајќи ги во предвид видот и тежината на овие кривични дела и висината на казната затвор што е предвидена за нив, оправдано може да се очекува дека обвинетиот може да се даде во бегство и да се крие со цел да ја попречува кривичната постапка и да ја избегне кривично правната одговорност. Во текот на ова кривична постапка обвинетиот со целокупното негово однесување го оневозможуваше непреченото водење на кривичната постапка. Откако обвинетиот беше запознат за основаното сомневање и му беше овозможено увид во доказите на предметот, сите понатамошни покани во постапката ги примаше неговата сопруга во согласност со обвинетиот- вкупно шест, меѓутоа истиот не се јавуваше на закажаните термини за негово испитување, а по завршувањето на истражната постапка преку доставната служба на ова јавно обвинителство е обидена достава до обвинетиот на известувањето за завршување на кривичната постапка, но истиот се криеше и одбегнуваше да го прими ова известување, за што се сочинети службени белешки под бр... од 12.06.2017 година.

Во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите против обвинетиот М.П. се води и истражна постапка во предметот под НСК КО бр.11/17 за кривично дело Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 во врска со став 1 и со член 45 од КЗ. На 10.06. 2017 година е обидена достава на покана до обвинетиот, но истата не можела да се врачи, бидејќи истиот не можел да биде пронајден на пријавената адреса на живеење. По неуспешните обиди за достава на известувањето за завршена истражна постапка по предметот НСК КО бр.1/15 и поканата по предметот НСК КО бр.11/17 преку доставните служби на ова Јавно обвинителство, пратките се доставени до ДТУ ДХЛ Е. ДООЕЛ С. со цел истите да бидат врачени на обвинетиот М.П. Меѓутоа обвинетиот и понатаму се криеше и го одбегнуваше приемот на истите. Така од известувањето на бр... од 13.06. 2017 година произлегува дека на обвинетиот не можеле да му се доставaт две пратки-известување и покана од ова Јавно обвинителство, бидејќи истиот не бил пронајден на неговата адреса на живеење, односно при обидот за достава на посочената адреса немало никој. Обидот за достава бил направен на 12.06.2017 година, а откако немало никој на наведената адреса било оставено известување за обид за достава. На 13.06.2017 година бил направен повторен обид за достава, но поради истите причини доставата не можела да биде извршена.

Од сите овие околности од повеќе од очигледно е дека обвинетиот М.П. свесно и со намера ги злоупотребува неговите права како обвинет во кривичната постапка со единствена цел да оневозможи непречено водење на истите.

Друга околност која укажува на опасноста од бегство е тоа што обвинетиот често патува во странство што може да се утврди од известувањата на МВР Скопје Рег бр... од 14.06.2017 година и Рег бр... од 15.06.2017 година, а единствено лицето Д.П. од Скопје на 12.06.2017 година до ова Обвинителство достави поднесок дека обвинетиот се наоѓа на медицински третман надвор од државата без да наведе каде и кога конкретно ќе се врати во државата.

Како околност која укажува на опасност од бегство е и фактот дека во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од

содржината на незаконското следење на комуникациите против обвинетиот М.П. се води истражна постапка НСК КО бр. 11/17, за тешки кривични дела.

Ваквите околности укажуваат дека постои повеќе од реална опасност и можност за негово бегство надвор од државата, со што истиот би станал недостапен и би го отежнал водењето на кривичните постапки против него.

-**Постојат особени околности кои укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците и соучесниците.**

Обвинетиот М.П. со поднесениот обвинителен акт под дел I се обвинува дека заедно со сообвинетите Н.Г., К.Б., М.Ј. и Г.Ј. создале група која имала за цел вршење на кривични дела против изборите и гласањето на која група подоцна станале припадници другите сообвинети лица. Под дел II точка 1 обвинетиот се обвинува дека заедно со сообвинетиот Н.Г. дејствувале договорено и заеднички како соизвршители спротивно од член 83 став 1 алинеја 7 од Изборниот Законик и користеле недозволени средства за изборната кампања кои потекнувале од неидентификувани извори во износ од 31.780.000,00 денари и спротивно на член 83-6 од Изборниот законик не го пријавиле изворот на финанси на изборната кампања во износ од 3.128.777,00 денари при што во дејствијата на извршување со умисла им помогнале сообвинетите М.Ј., К.Б.и Д.А. Според дел II точка 2 од обвинителниот акт обвинетиот М.П. заедно со сообвинетите М.Ј. и Г.Ј. помагал во извршување на кривичните дела извршени од сообвинетите К.В., С.К. и Л.Р. и дел III точка 2 обвинетиот се товари за соизвршителски дејствија заедно со обвинетата Г.Ј. и други сообвинети лица.

Овие околности доведени во врска со видот и тежината на кривичните дела за кои се обвинува, како и начинот на нивното извршување упатуваат дека постои реална можност за негово влијание врз соучесниците во насока на намалување на нивната кривична одговорност.

Обвинителниот акт покрај на материјалните докази се темели и врз исказите на голем број сведоци, па од тука со оглед на претходно наведените околности може да се очекува и влијание на обвинетиот врз истите во насока да ја променат суштината на сведочењето на главната расправа и драстично да ги сменат нивните искази.

Имајќи го во предвид погоре наведеното сметам дека во конкретниот случај се исполнети условите за определување на мерката притвор спрема обвинетиот М.П. и дека целта на ова мерка не би можела да се оствари со некоја друга мерка за обезбедување присуство на обвинетиот.

**3.Спрема обвинетиот К.Б. да биде определена мерката притвор согласно член 165 став 1 точка 1 и точка 2 од ЗКП од следните причини:**

**-Постојат околности што укажуваат на опасност од бегство и криење**

Со поднесениот обвинителен акт обвинетиот К.Б. се товари за сериозни и тешки кривични дела и тоа Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ и Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в.чл.24 и чл.45 од КЗ, па имајќи ги во предвид видот и тежината на овие кривични дела и висината на казната затвор што е предвидена за нив, оправдано може да се очекува дека обвинетиот може да се даде во бегство и да се крие со цел да ја попречува кривичната постапка и да ја избегне кривично правната одговорност. Во

текот на ова кривична постапка обвинетиот со целокупното негово однесување го оневозможуваше непреченото водење на кривичната постапка. Откако обвинетиот беше запознат за основаното сомневање и му беше овозможено увид во доказите на предметот истиот неколку пати беше уредно поканет, а во неколку наврати поканите не можеа да му се врачат, бидејќи на дадената адреса на живеење не бил затекнат ниту обвинетиот, ниту член на неговото семејство.

Во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите против обвинетиот К.Б.се води и истражна постапка во предметот под НСК КО бр.11/17 за кривични дела Перење пари и други приноси од казниво дело од член 273 став 5 во врска со став 1 и в.в со член 45 од КЗ и Злоупотреба на службената положба и овластување од член 353 став 4 в.в став 3 и став 1 од КЗ. На 10.06. 2017 година обвинетиот уредно прими покана за закажан распит на 12.06.2017 година на кој не се јави, а преку неговиот бранител адвокат Петар Василев достави поднесок дека не може да се јави во дадениот термин поради неодложни однапред закажани ангажмани и дека ќе биде во можност да се јави на 14.06.2017 година, но во истиот термин не се јави во ова јавно обвинителство.

Од сите овие околности од повеќе од очигледно е дека обвинетиот К.Б. свесно и со намера ги злоупотребува неговите права како обвинет во кривичната постапка со единствена цел да оневозможи непречено водење на истите.

Друга околност која укажува на опасноста од бегство е тоа што обвинетиот многу често патува во странство што може да се утврди од известувањето на МВР Скопје Рег... од 16.06.2017 година.

Како околност која укажува на опасност од бегство е и фактот дека во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите против обвинетиот К.Б. се води истражна постапка НСК КО бр.11/17, за тешки кривични дела.

Ваквите околности укажуваат дека постои повеќе од реална опасност и можност за негово бегство надвор од државата, со што истиот би станал недостапен и би го отежнал водењето на кривичните постапки против него.

**-Постојат особени околности кои укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците и соучесниците.**

Обвинетиот К.Б. со поднесениот обвинителен акт во дел I се обвинува дека заедно со сообвинетите Н.Г., М.П., М.Ј. и Г.Ј. создале група која имала за цел вршење на кривични дела против изборите и гласањето на која група подоцна станале припадници другите сообвинети лица. Во дел II точка 1 од обвинителниот акт обвинетиот се товари дека заедно со сообвинетите М.Ј. и Д.А. им помогнале на сообвинетите Н.Г. и М.П. во нивните дејствија на извршување, додека пак под дел III точка 5 заедно со сообвинетите М.Ј. и Д.А. со умисла им помогнале на сообвинетите И.Д. и Л.Р. во извршувањето на кривичното дело од член 165-а став 1 во врска со член 45 од КЗ. Од овие околности доведени во корелација со видот и тежината на кривичните дела за кои се обвинува, како и начинот на нивното извршување, може да се заклучи дека постои реална можност за негово влијание врз соучесниците.

Обвинителниот акт покрај на материјалните докази се темели и врз исказите на голем број сведоци, па од тука со оглед на претходно наведените околности може да се очекува и влијание на обвинетиот врз истите во насока да ја променат суштината на сведочењето на главната расправа и драстично да ги сменат нивните искази.

Имајќи го во предвид погоре наведеното сметам дека во конкретниот случај се исполнети условите за определување на мерката притвор спрема обвинетиот К.Б. и дека целта на ова мерка не би можела да се оствари со некоја друга мерка за обезбедување присуство на обвинетиот.

**4.Спрема обвинетиот М.Ј. да биде определена мерката притвор согласно член 165 став 1 точка 1 и точка 2 од ЗКП од следните причини:**

**-Постојат околности што укажуваат на опасност од бегство и криење**

Со поднесениот обвинителен акт обвинетиот М.Ј. се товари за сериозни и тешки кривични дела и тоа Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ , Повреда на слободата на определување на избирачите од член 160 став 1 в.в со член 24 од КЗ, Злоупотреба на средствата за финансирање на изборната кампања од чл.165 -а ст. 1 в.в.чл.24 и чл.45 од КЗ и Уништување на изборен материјал од член 164 став 2 в.в со член 23 од КЗ,па имајќи ги во предвид видот и тежината на овие кривични дела и висината на казната затвор што е предвидена за нив, оправдано може да се очекува дека обвинетиот може да се даде во бегство и да се крие со цел да ја попречува кривичната постапка и да ја избегне кривично правната одговорност.

Друга околност која укажува на опасноста од бегство е тоа што обвинетиот често патува во странство што може да се утврди од известувањето на МВР Скопје Рег бр... од 28.06.2017 година. Истовремено во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите против обвинетиот М.Ј. се водат уште три други кривични постапки и тоа под НСК КО бр. 21/15, НСК КО бр.9/16, НСК КО бр.9/17 и НСК КО бр.11/17 за сериозни и тешки кривични дела, при што во предметите НСК КО бр. 21/15, НСК КО бр.9/16, НСК КО бр.9/17 се поднесени обвинителни акти на 29.06.2017 година.

Околностите во врска со честите патувања на обвинетиот и фактот дека се водат повеќе кривични постапки против него укажуваат дека постои повеќе од реална опасност и можност за негово бегство надвор од државата, со што истиот би станал недостапен и би го отежнал водењето на кривичните постапки против него.

**-Постојат особени околности кои укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците и соучесниците.**

Обвинетиот М.Ј. со поднесениот обвинителен акт во дел I се обвинува дека заедно со сообвинетите Н.Г., М.П., К.Б., и Г.Ј. создале група која имала за цел вршење на кривични дела против изборите и гласањето на која група подоцна станале припадници другите сообвинети лица. Во дел II точка 1 од обвинителниот акт обвинетиот се товари дека заедно со сообвинетите К.Б. и Д.А. им помогнале на сообвинетите Н.Г. и М.П. во нивните дејствија на извршување, а според дел II точка 2 од обвинителниот акт обвинетиот М.Ј. заедно со сообвинетите М.П. и Г.Ј. помагал во извршување на кривичните дела извршени од сообвинетите К.В., С.К. и Л.Р. Во дел III точка 4 со умисла го поттикнал сообвинетиот К.М. на извршување на кривично дело, додека пак под дел III точка 5 заедно со сообвинетите К.Б. и Д.А. им помогнале на

сообвинетите И.Д. и Л.Р. во извршувањето на кривичното дело од член 165-а став 1 во врска со член 45 од КЗ.

Ваквите околности доведени во врска со видот и тежината на кривичните дела за кои се обвинува, како и начинот на нивното извршување упатуваат на заклучок дека постои реална можност за негово влијание врз соучесниците во насока на намалување на сопствената и нивната кривична одговорност.

Обвинителниот акт покрај на материјалните докази се темели и врз исказите на голем број сведоци, па од тука со оглед на претходно наведените околности може да се очекува и влијание на обвинетиот врз истите во насока да ја променат суштината на сведочењето на главната расправа и драстично да ги сменат нивните искази.

Имајќи го во предвид погоре наведеното сметам дека во конкретниот случај се исполнети условите за определување на мерката притвор спрема обвинетиот М.Ј. и дека целта на ова мерка не би можела да се оствари со некоја друга мерка за обезбедување присуство на обвинетиот.

**5.Спрема обвинетата Г.Ј. да биде определена мерката притвор согласно член 165 став 1 точка 1 и точка 2 од ЗКП од следните причини:**

-**Постојат околности што укажуваат на опасност од бегство и криење**

Со поднесениот обвинителен акт обвинетата Г.Ј. се товари за сериозни и тешки кривични дела и тоа Злосторничко здружување од член 394 ст. 1 од КЗ , Повреда на слободата на определување на избирачите од член 160 став 1 в.в со член 24 од КЗ и Повреда на избирачкото право од член 159 став 2 в.в со став 1 в.в член 45 од КЗ, па имајќи ги во предвид видот и тежината на овие кривични дела и висината на казната затвор што е предвидена за нив, оправдано може да се очекува дека обвинетата може да се даде во бегство и да се крие со цел да ја попречува кривичната постапка и да ја избегне кривично правната одговорност.

Друга околност која укажува на опасноста од бегство е тоа што обвинетата патува во странство што може да се утврди од известувањето на МВР Скопје Рег. бр... од 22.06.2017 година. Истовремено во Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите против обвинетата Г.Ј. се водат уште две други кривични постапки и тоа под, НСК КО бр.3/17 и НСК КО бр.17/15 за сериозни и тешки кривични дела, за што се поднесени обвинителни акти од 29.06.2017 година.

Околностите во врска со патувањата на обвинетата и фактот дека се водат повеќе кривични постапки против неа укажуваат дека постои повеќе од реална опасност и можност за нејзино бегство надвор од државата, со што истата би станала недостапна и би го отежнала водењето на кривичните постапки против неа.

-**Постојат особени околности кои укажуваат дека ќе ја попречува кривичната постапка со влијание врз сведоците и соучесниците.**

Обвинетата Г.Ј. со поднесениот обвинителен акт во дел I се обвинува дека заедно со сообвинетите Н.Г., М.П., К.Б.и М.Ј. создале група која имала за цел вршење на кривични дела против изборите и гласањето на која група подоцна станале припадници другите сообвинети лица. Според дел II точка 2 од обвинителниот акт обвинетата Г.Ј. заедно со сообвинетите М.П. и М.Ј. помогнала во извршување на

кривичните дела извршени од сообвинетите К.В., С.К. и Л.Р., додека според дел III точка 1 од обвинението во извршувањето на кривичното дело од член 159 став 2 в.в став 1 и член 45 од КЗ обвинетата со умисла била поттикната од страна на сообвинетиот Н.Г., а во извршувањето на нејзиното кривично дело и помогнале сообвинетите Е.Т., М.П. и К.Т.. Според дел III точка 2 од обвинителниот акт со умисла му помогнала на обвинетиот М.П. во извршувањето на кривичното дело од член 160 став 1 од КЗ.

Ваквите околности доведени во врска со видот и тежината на кривичните дела за кои се обвинува, како и начинот на нивното извршување упатуваат на заклучок дека постои реална можност за нејзино влијание врз соучесниците во насока на намалување на сопствената и нивната кривична одговорност.

Обвинителниот акт покрај на материјалните докази се темели и врз исказите на голем број сведоци, па од тука со оглед на претходно наведените околности може да се очекува и влијание на обвинетата врз истите во насока да ја променат суштината на сведочењето на главната расправа и драстично да ги сменат нивните искази.

Имајќи го во предвид погоре наведеното сметам дека во конкретниот случај се исполнети условите за определување на мерката притвор спрема обвинетата Г.Ј. и дека целта на ова мерка не би можела да се оствари со некоја друга мерка за обезбедување присуство на обвинетата.

**IV.**

Врз основа на член 321 став 3 и член 146 став 1 точка 2 и точка 3 од Законот за кривична постапка, поднесувам

**П Р Е Д Л О Г**

**ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МЕРКИ НА ПРЕТПАЗЛИВОСТ**

I. Спрема обвинетите И.Д., Б.Б.Б., Л.Р., Д.А., С.К., К.В., К.Т., М.П., Е.Т., Д.Д., М.Н., Џ.А., Р.Д., Л.Р. и К.М. да се определат следните мерки на претпазливост:

1.Обврска на обвинетите да се јавуваат еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје, и

2. Привремено на обвинетите да им се одземат патните исправи-пасоши и тоа:

- на обвинетиот И.Д. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... издаден од МВР на РМ;
- на обвинетата Б.Б.Б. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до .. година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетиот Л.Р. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетиот Д.А. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;

- на обвинетиот С.К. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетата К.В. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетиот К.Т. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ, службен пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МНР на РМ;
- на обвинетиот М.П. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетиот Е.Т. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетиот Д.Д. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетиот М.Н. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетиот Џ.А. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетиот Р.Д. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ;
- на обвинетата Л.Р. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ; и
- на обвинетиот К.М. пасош со број ... со датум на издавање ... година и важност до ... година издаден од МВР на РМ.

II. Спрема обвинетиот Г.Ј. да се определат следните мерки на претпазливост:

1.Обврска на обвинетиот да се јавува еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје, и

2. Забрана за издавање на обвинетиот на патна или друга исправа за преминување на државната граница.

Потребата од определување на мерки на претпазливост - привремено одземање на патните исправи и обврска за јавување еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје спрема обвинетите И.Д., Б.Б.Б, Л.Р., Д.А., С.К., К.В., К.Т., М.П., Е.Т., Д.Д., М.Н., Џ.А., Р.Д., Л.Р. и К.М., како и потребата од определувањето на мерки на претпазливост - обврска да се јавува еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје и забрана за издавање на патна или друга исправа за преминување на државната граница спрема обвинетиот Г.Ј., кое лице во моментот нема важечка патна исправа-пасош, произлегува поради постоење опасност од бегство на обвинетите.

Имено, имајќи ги во предвид видот и карактерот на кривичните дела кои им се ставаат на товар, висината на запретаната кривична санкција, начинот на извршување на кривичните дела, како и околностите кои се однесуваат на личноста на обвинетите

и нивното однесување во текот на претходната постапка, сметам дека е основан стравот обвинетите за да ја избегнат кривичната одговорност ќе се дадат во бегство. Имајќи го во предвид бројот на обвинетите против кои се води оваа постапка особено е важно присуствиото на обвинетите да биде обезбедено со мерки за обезбедување на нивно присуство како би можело непречено да се води кривичната постапка.

Со оглед дека дел од обвинетите и тоа И.Д., Б.Б.Б, К.В. и К.Т. поседувале или сеуште поседуваат и дипломатски пасоши издадени од МНР на РМ, како и со оглед на фактот дека државјаните на Република Македонија можат да влегуваат во соседните држави и со идентификација со лична карта, без да покажат пасош, предлагам мерките на претпазливост од овој предлог да се определат заедно, односно мерката - привремено одземање на патна исправа и мерката - обврска за јавување еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје спрема обвинетите И.Д., Б.Б.Б., Л.Р., Д.А., С.К., К.В., К.Т., М.П., Е.Т., Д.Д., М.Н., Џ.А., Р.Д., Л.Р. и К.М., додека спрема обвинетиот Г.Ј. мерките на претпазливост - забрана за издавање на патна или друга исправа за преминување на државната граница и обврска за јавување еднаш неделно кај определено службено лице во Основен суд Скопје I Скопје.

Мерките да траат до правосилно завршување на кривичната постапка.